Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
бр Уп1-10-6
24.04 20 20 год.
РЕСЕН

ДО
Центар со Управување со
Промени
Ул.Рајко Жинзифов бр.44-1
Скопје, 1000

ПРЕДМЕТ: Достава на информации од јавен карактер

Во врска со вашето барање евидентирано под бр УП-I-10-6 од 26.03.2020 за доставување на информаци, податоци за **просечна месечна плата по работни места/звања на вработениот** , општина Ресен согласно член 20 став ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на СРМ" бр. 101/19), постапи по Вашето барање и во прилог Ви ги доставува бараните информации:

Ви одговараме на следните ваши барања:

1. Име на институција Општина Ресен
2. Група на вработени во нашата институција
   А) административни службеници
   а) државни службеници
   Г) помошно-технички лица
3. Платите на вработените ви нашата институција( освен админситративните службеници) се утврдени со внатрешен акт-правилник
4. Платите на вработените во нашата институција се утврдуват со бодови.

Во врска со табелата, ве информираме дека делот на плата за сите групи на административни службеници на ниво на квалификации и делот на плата за звање се утврдени во законот за државни службеници, како и делот на плата за работниот стаж на административните службеници, исто така основната плата на работник кој се зголемува со ноќна работа, работа во смени и прекувреме работа, исто така се регулирани се во законот за административни службеници. Во врска со последното ви праќам прилози-фотокопија на дел од законот за административни службеници, каде ги имате и бруто платите на сите категории на државни службеници во Општина Ресен. Вредноста на бодото за државни службеници во Општина Ресен изнесува 81,60 денари, донесена со одлука на Советот на Општина Ресен.

Во однос на помошни технички лица во прилог ви праќаме табела со бодови за сите групи на помошно технички лица со вредност на бод 31,76 денари и бруто плата за секоја група на помошно-технички

Службено лице: Adrian Zuteja

Конролира: Дијана Кремшовска

Градоначалник на
Општина Ресен
Живко Гошаревски

**Административни Службеници**

| | |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 200 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 175 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 150 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 100“ |

(3) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ | БРУТО ПЛАТА |
|---|---|---|
| А1 - секретар од прво ниво | 845 | |
| А2 - секретар од второ ниво | 706 | |
| А3 - секретар од трето ниво | 661 | |
| А4 - секретар од четврто ниво | 596 | 64.555 |
| А5 - секретар од петто ниво | 506 | |
| Б1 - раководен административен службеник од прво ниво | 516 | 58.067 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 496 | 56.445 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 406 | 49.146 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 346 | 44.280 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 281 | 39.009 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 246 | 36.170 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 231 | 34.954 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 201 | 32.521 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво | 196 | 24.005 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво | 181 | 22.789 |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 166 | 21.572 |
| Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво | 159 | 21.004. |

(4) Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Вредност на бод**

Со колективен договор на ниво на работодавач, со методологија, се вреднуваат потешките услови за работа од нормалните за одделни работни места.

**Основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:**

– прекувремена работа ........................................................ 35%
– работа ноќе........................................................................ 35%
– работа во три смени ........................................................... 5%
– работа во ден на неделен одмор.. ..................................... 50%

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

Додатоците, меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени работникот го остварува само за ефективно проведено работно време во смени.

Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж. Работодавачот може, доколку не организирал исхрана за време на работа или нема организиран превоз до и од работното место, на работниците да им ја зголеми платата во висина што ќе ја определи во договор со синдикатот.

(1) Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено.

(2) Платите и надоместоците на плати на административните службеници се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, во буџетите на единиците на локалната самоуправа, како и од други извори на средства утврдени со закон.

(3) Платите на административните службеници се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(4) Придонесите и персоналниот данок од доход на административниот службеник ги плаќа институцијата со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Институцијата е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на административниот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

**Компоненти на плата**

**Член 86**

Платата на административниот службеник се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

**Основна компонента на плата**

**Член 87**

(1) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(2) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниот начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|

**Помошно Технички Лица**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I. | 1,00 коеф. | 642 бодови | вредност на бод 32,76 | 21,031 бруто плата |
| II | 1,185 коеф. | 648 бодови | вредност на бод 32,76 | 21,228 бруто плата |
| III | 1,260 коеф. | 689 бодови | вредност на бод 32,76 | 22,571 бруто плата |
| IV | 1,396 коеф. | 764 бодови | вредност на бод 32,76 | 25,028 бруто плата |
| V | 1,344 коеф. | 735 бодови | вредност на бод 32,76 | 24,078 бруто плата |